# FOREVER

MACEDONIA

Декември 2013 Бр. 146
















# ЛОНДОН ВЕ ВИКА

**ДОПОЛНИТЕЛНА МОЖНОСТ ЗА СИТЕ ОД ЕВРОПА:**
**1 СЕПТЕМВРИ – 31 ДЕКЕМВРИ 2013 Г.**

Заработете до **€800** за патувањето до Лондон

## ПРВО НИВО

**Реализирајте вкупно 15 б. од нов бизнис (без вашите лични бодови)**

**+ 2 влезници за Глобално рели на О2 арена**

## ВТОРО НИВО

**Реализирајте вкупно 30 б. од нов бизнис (без вашите лични бодови)**

€400

**+ 2 влезници за Глобално рели на О2 арена**

Вие (активен)

Асистент Супервизор Мин. 5 б. | Асистент Супервизор Мин. 5 б.

## ТРЕТО НИВО

**Реализирајте вкупно 60 б. од нов бизнис (без вашите лични бодови)**

€800

**+ 2 влезници за Глобално рели на О2 арена**

Вие (активен)

Асистент Супервизор Мин. 10 б. | Асистент Супервизор Мин. 10 б.

**Стандардни барања за сите нивоа:**
Сите барања треба да бидат исполнети во период од 1-ви септември до 31-ви декември 2013 г. Дистрибутерите кои се регистрирани пред почетокот на квалификацијата, треба да бидат активни со 4 б. во секој од четирите месеци на квалификацијата. Нови дистрибутери можат да се квалификуваат, но треба да бидат активни во првиот полн месец на квалификацијата и во секој следен до крај на периодот. Ако новиот дистрибутер е регистриран во декември, тогаш тој треба да биде активен со 4 б. во тој месец. За дата на регистрација на дистрибутерот се смета датата на која молбата за регистрација ќе биде воведена во компјутерот на Централната канцеларија. За второ и трето ниво новоспонзорираните дистрибутери треба да реализираат минимален обрт, како што е опишано во шемите погоре. Квалификацијата е валидна само за дистрибутери во Европа. Сите екипи треба да бидат спонзорирани во земјата на живеење. Сите трошоци поврзани со посета на Глобалното рели, вклучително патни, храна и сместување се на терет на квалификантот. ФЛП не превзема одговорност за дистрибутери кои не се запознати или не ги разбрале правилата и барањата на квалификационата програма. Нема да бидат допуштени исклучоци. Наградите го вклучуваат единствено опишаното погоре. Тие кои ќе ги исполнат условите ќе бидат наградени само со посочените парични суми и влезниците за Глобалното рели, соодветни на постигнатото ниво на квалификација. Наградите не можат да бидат комбинирани. Квалификантите ќе бидат објавени пред 15 февруари 2014 г. Паричните суми ќе бидат исплатени на 15 март 2014 г. во денарска противвредност на посочените суми. За повеќе информации и прашања обратете се на Ген. директор на ФЛП Бугарија/Македонија. Наградите не може да бидат заменети.

**www.foreverglobalrally.com**
**Глобално рели на О2 арена – 2 и 3 мај 2014 г.**

FOREVER

## ДА ПРАЗНУВАМЕ

Изминаа 36 години од моментот кога одлучивме да создадеме компанија за здравје и убавина во рамките на неверојатната МЛМ индустрија. Како што не еднаш сум споменал во моите обраќања кон вас од овие страници и од сцените на нашите настани, секогаш силно сум верувал во тоа што го започнавме пред повеќе од три децении, мечтаев тоа толку многу да порасне, што ќе им помага на луѓето во целиот свет. И сепак треба да ви признаам, дека досега постигнатото ме изненадува дури и мене самиот. Стартот беше добар и верувајте ми – сè дури сега започнува. Сè уште сме многу далеку од полниот потенцијал и истото се однесува и за вас. Форевер е едноставно збир од усилбите на луѓе исто како вас, кои даваат сè од себе, за да си создадат подобар живот. Значи ако компанијата не го има достигнато врвот во развојот, тогаш по дефиниција никој од нас не го достигнал. Се разбира дека добро ни оди и живееме така, како што порано само мечтаевме, но, не сме доволно многу, има уште милиони, кои треба да ја слушнат пораката на ФОРЕВЕР и да ја искусат возбудливата надеж која ја следи секоја можност човек да создаде нешто вредно.

Успехот не се мери секогаш во бројки, но може да се пофалиме со неколку импресивни индикатори за постигнатото во 2013-та.

- Испорачавме над 10 000 000 кутии од фабриката во Далас
- Произведовме повеќе од 31 000 000 литри алое вера
- Произведовме многу повеќе од една милијарда таблети
- Поделивме повеќе од 21 милион долари во чекови од првата глобална програма во историјата-Chairman's Bonus
- Го одржавме првото Глобално рели
- Ја создадовме Глобалната лидерска екипа
- Ја организиравме првата во историјата глобална средба на Менаџерите „Орел"
- Ги претставивме Форевер дејли, ФАБ X, новиот Форевер калциум, flawless од Соња®…

И ИСТО создадовме нов комбиниран пакет, за кој мнозина од вас сè уште не слушнале – Vital[5]. Маркетинг одделот предложи рекламно мото, кое многу ми се допаѓа "Хранливо со леснотија". Тоа е пакет од производи, кои секој човек треба да ги користи секојдневно. Потенцијалот е неограничен!

Наброеното е само дел од постигнувањата за кои се сеќавам во моментот… Безбројни се победите на регионално ниво, но сега немам место да ги набројам сите!

Низ годините мнозина ме прашуваа зошто продолжувам да работам. „Зошто не се пензионираш да се одмориш?" ме прашуваат. А мојот одговор е секогаш еден и ист: „Се шегувате? Јас ја имам најубавата работа на светот!" Мислата дека успеваме да предизвикаме насмевка на нечие лице, е неповторлива. Тоа е

Претседател
и главен
генерален
директор на
ФЛП

**Рекс Моган**



мојата мотивација, моето зошто, мојата причина. Обожавам да ги натерам луѓето да се смеат! И затоа мојата работа е најубава на светот.

Подготвени ли сте за 2014-та? Дали го откривте или преоткривте ВАШЕТО зошто? Не пропуштајте да се изјасните зошто сте во Форевер и што сакате да постигнете. Без јасно и силно „зошто" бурите на сомнежот и ветровите, предизвикани од крадците на мечти, ќе ве погодат и отклонат од курсот. Но со јасно сознание кон што се стремите, ќе пловите низ бурите. Можеби малку ќе ве погодат, но ќе постигнете повеќе отколку што некогаш сте замислувале.

А како да го откриете своето „зошто"? Може тоа да не се случи веднаш, затоа бидете трпеливи и не се откажувајте. За некои е лесно да го одредат, на други пак им треба повеќе време. Слушнав добар совет од Грег: „Дознај што прави времето да изчезне за тебе и ќе си сосем близу до своето зошто."

Празниците се тука, а јас многу ги сакам. Тие се најубавите денови во годината. Забавувајте се така, како што сигурно знам дека сите од семејството Моган ќе се забавуваат!

Му благодарам на секој од вас. Ние сме компанија на големи луѓе и вие сте еден од нив. Илјади благодарности и на сите генерални директори, регионални менаџери и нивниот персонал за неуморната работа и поткрепа во градењето на бизнисот.Без вас ние би биле ништо.Им благодарам и на раководниот тим и на целото семејство во централната канцеларија на Форевер за усилбите и жртвите што ги прават, за да нè претворат во најдобрата бизнис можност на светот.

Во 2013-та постигнавме многу и треба да сме горди, но верувам дека сите ќе се согласите дека сè уште не сме го реализирале својот полн потенцијал.

Среќни празници и Честит Божиќ на сите вас!

Засекогаш Ваш,
Rex Maughan



## Драги пријатели,

Изминатите денови на социјалната мрежа наидовме на многу интересна мисла, заради која заслужува да се замислиме малку повеќе:

*„Некои луѓе на 18 години веќе се стари, а други сè уште се млади и на 90.*

*Времето е концепција создадена од луѓето."*

Решивме да ја споделиме оваа мисла со вас од неколку причини. Првата е, бидејќи целосно се согласуваме со неа и веруваме во нејзината мудрост. Зошто недостигот на мечти и цели, кои ќе ги следиме и заради кои вреди да нè има и утре, е основна причина за стареењето. А тоа не е поврзано со биолошката возраст. Дали утре сакаме да живееме подобар и поинтересен живот споредено со денес зависи само од нас. Не од некој друг. И никој не може да ни го одземе тој стремеж и секојдневните дејства за негово постигање. Дали се согласувате? Често гледаме и тешко ни паѓа за млади,а и не толку млади по години луѓе, кои не само што не бараат и не се трудат, туку и покажуваат таква помиреност, како речиси да нема смисла повеќе да живеат. Убавата вест за сите нив, е дека самите можат да го променат ставот во секој момент, само доколку го посакаат тоа. А системот на Форевер им е на располагање и им дава можност и на најмладите да постигнат нешта, за кои на другите им се потребни децении.

Од друга страна, за наша среќа, околу нас има и толку многу луѓе со повеќе или не толку многу години на плеќите, кои не престануваат да мечтаат, да планираат и најважното – не престануваат да работат за постигнување на мечтите. Тие се во состојба да исполнат неколку физички животи со содржина и никогаш нема да се почувствуваат и да живеат како остарени. Се радуваме дека покрај нас толку многу ве има од оние кои независно од биолошката возраст нè терате да веруваме дека никогаш нема да остарете. Тоа е и другата причина, која нè натера да ја споделиме мислата со која започнавме.

Да не заборавиме дека Форевер не само за нас, туку и за сите околу нас, претставува уникатна шанса да не остареме и во буквална и во преносна смисла. Располагаме со производи за здравје, лична хигиена и убавина, кои како неразделив дел од секојдневната исхрана и нега на нашето тело го одржуваат тоа да биде младо, витално и полно со енергија. А по однос на тоа да имаме мечти и визија, заради кои вреди да не стареeме, ФЛП ни го предлага најдоброто за вечна младост. Бидејќи во планот на компанијата нема лимит на можностите за израстување, за непрекината комуникација со нови луѓе, за патување насекаде во светот, и за создавање со сопствениот труд на стил на живот, заради кој вреди да живееме вечно! А дали ќе го искористиме сето тоа, зависи лично од нас и од никој друг. Независно дали имате 18, 30, 50 или 90 години, не им дозволувајте на луѓето без сопствени мечти да ги одземат вашите. Вие сами одлучувате кога и што сакате да постигнете.

А кога сме со вас и ние се чувствуваме многу помлади! Дозволете ни заедно со Форевер да бидеме ваши сопатници кон вашата вечна младост!

Ви посакуваме Среќна Нова 2014 и Среќен Божиќ! Вие тоа го заслужувате!

Засекогаш Ваши и...
насмеани ☺,
Стефан и Тања Стаеви

Дали сте слушнале терминот МЛМ да се употребува во комбинација со зборот „шема“, која му дава негативно значење? Дали се соочувате со негативен однос кон мрежниот маркетинг, кога разговарате со луѓето за Форевер? Време е да ги промениме овие стереотипи, бидејќи сè повеќе луѓе многу добро заработуваат, бесплатно патуваат низ целиот свет и возат нови автомобили, благодарение на работата во МЛМ! Мрежниот маркетинг дава можност на луѓе со ограничени ресурси да започнат сопствен бизнис и да го изградат до такво ниво на доходи, какво самите посакуваат. Роден во 1946 год. како рожба на директните продажби, тој не само што ги компензира дистрибутерите за нивниот личен промет, туку дава и импресивни доходи за градењето на мрежи од дистрибутери. Принципот е генијален и многу од најстабилните фирми го користат, а ние во Форевер Ливинг Продактс многу се гордееме со тоа што сме една од најдобрите МЛМ компании во индустријата!

# ФОРЕВЕР ВИСТИНСКИ МЛМ

Има луѓе кои не ја познаваат добро нашата дејност и го мешаат вистинскиот мулти-левел маркетинг со пирамида. Во пирамидалните структури луѓето се надеваат да добијат доходи, кои тие не ги заработиле или да заработат од тоа што ги убедуваат другите да инвестираат пари. Овие шеми се прогласени за нелегални во речиси сите земји во светот.
Ако добро ги разбираме фундаменталните разлики помеѓу нелегалните пирамиди и целосно легалната МЛМ индустрија, со леснотија ќе можеме да им ја разјаснуваме на потенцијалните дистрибутери очигледната разлика помеѓу двете. Најнапред да ги опишеме карактеристиките на пирамидите.
Кај нив почетната инвестиција/такса е задолжителна – тоа обично не е мала сума пари, со која си купувате позиција во шемата. На новите членови им се кажува дека „не треба да продаваат ништо“, туку само да врбуваат други луѓе, а за тоа ќе добиваат процент од таксите или инвестициите на новопривлечените лица. Ако сепак има некаков производ, неговите продажби се оставени во заден план. Не се фокусира на обука на членовите. Обично на почетокот таквиот систем стартува со многу голем обем, но многу брзо се урива. Единствените луѓе кои заработуваат се основачите и еден грст други,кои се вклучиле на самиот почеток. Сите останати ги губат парите кои ги инвестирале.
Да го споредиме ова со вистинската МЛМ можност која ја нуди Форевер. При регистрација не се бара инвестиција, а нашите дистрибутери купуваат производи само кога имаат порачки од своите крајни клиенти. Дистрибутерите постојано се обучуваат преку средби и материјали кои ги обезбедува компанијата или нивните спонзори. Продажбите на производи и заработката која ја носат се во преден план. Кога вклучуваме други луѓе како дистрибутери во својата мрежа,од нив очекуваме исто да си создадат сопствени клиенти кои се задоволни од висококвалитетните производи, лично да ги користат редовно и да ги препорачуваат. Ние не бараме од новите соработници да инвестираат пари за затрупување со производи или за „купување“ на нивоа во маркетинг планот. Резултатот е стабилен раст, а не колапс. Недвосмислен доказ за тоа е над 35-годишната историја на нашата компанија. Во ФЛП секој кој работи, заработува. А единствениот начин нашите дистрибутери да заработуваат, е да им помагаат на соработниците од својата мрежа прво тие да заработат!
Распространувањето на производите во МЛМ е со помош на најпримамливиот пристап – тој на личната препорака и индивидуалната консултација. Дистрибутерите сами се убедуваат во својствата на производите и си градат доверба како во нив, така и во самата компанија. А таа им возвраќа со достапна можност да си изградат сопствен бизнис, од кој добро ќе заработуваат. Методот привлекува претприемчиви луѓе кои не сакаат да зависат од шефови, и претпочитаат да користат готов, разработен систем и поддршка, да имаат флексибилно работно време, како и да бидат наградувани праведно за вложениот труд.
Следниот пат кога некој ќе го помеша ФЛП со пирамида, обидете се да му помогнете да ја разбере разликата. Вистинскиот МЛМ е најправедниот метод за распространување на квалитетни производи од производителот до потрошувачот. Од самиот почеток, оваа индустрија е една од најбрзо растечките и им помогнала и продолжува да им помага на безброј луѓе во целиот свет да заработат така, како што никогаш не би можеле поинаку. Затоа бидете горди на методот МЛМ и најмногу на ФЛП – најголемата компанија во најдобрата индустрија!




| Пирамида | МЛМ и ФЛП |
|---|---|
| Ветува доходи без работа | Се заработува од градење на мрежи од луѓе кои консумираат производи и ги препорачуваат |
| Задолжителна инвестиција/ членска такса | Нема барање за инвестиции или такси |
| Бонусите доаѓаат од инвестициите/таксите на новопривлечените членови | Бонусите се исплаќаат само на база на реално купени производи за лична употреба или за продажби на клиенти |
| Не се фокусира на наоѓање на потрошувачи на производите, нема обуки за членовите | Дистрибутерите се обучуваат и насочуваат да наоѓаат клиенти за производите, за да ги снабдуваат со нив |
| Брз колапс | Стабилен раст |
| Заработуваат само основачите на шемата и првите кои се вклучени | Заработува секој кој работи, независно кога се вклучил |
| Се заработува од тоа што другите губат | Се заработува само ако другите заработуваат |

"Like" us on Facebook at facebook.com/forevolution

Follow us on Twitter @flpforevolution, #foreverglobal or #discoverforever









# FAB X Forever Active Boost™

Сите знаеме колку напорно може да биде нашето секојдневие-крајни рокови на работа, грижа за децата- спортски активности, набавки, домашни задачи... Како е можно човек постојано да има енергија за сето тоа? ФЛП има решение како да се совземете кога стрелката на резервоарот од вашата виталност е “на црвено”- природниот енергетски пијалок ФАБ Х.

Напливот на енергија кој ќе го почувствувате од ФАБ Х е различен од тој на другите енергетски пијалоци, бидејќи ви обезбедува брза и долготрајна енергија.

Брзото дејство се должи на гуараната- природна состојка која е извлечена од семето на истоимената грмушка која расте во Бразил и каде масовно се користи за енергија и виталност. Според истражувањата, освен прилив на енергија, гуараната веројатно има и својства да спречува алергиски реакции и да ја подобрува умствената активност.




Долгорочното дејство се должи на технологијата ADX7- патентирана мешавина од адаптогени билки и други хранливи состојки, разработена од водечки руски научник и истражувач од областа на спортот. ADX7 им помогнала на руски атлети да освојат над 130 медали на олимписки натпревари! Помеѓу билките е сибирскиот женшен, кој според испитувањата има способност да ја зголемува издржливоста, да го подобри квалитетот на сонот и умствената дејност. Во неговиот состав влегуваат соединенија со антиоксидантни, противвоспалителни и антибактериски својства. Друга ADX7 билка е древната кинеска шисандра за која се тврди дека ја зголемува работоспособноста и отпорноста на стрес. Докажано е дека нејзината основна состојка- шисандринот е силен антиоксидант, има противвоспалителни својства и допринесува за одржување на рамнотежата на крвниот шеќер и киселинско-алкалниот баланс во организмот. Двете билки се комбинирани со витамините Б3, Б5, Б6 и Б12. Оваа група хранливи материи благотворно делува на нервниот систем и издржливоста. Друга состојка на патентираната мешавина е тауринот- аминокиселина со антиоксидантно дејство која ги регулира нивоата на хомоцистеинот во телото.

Синергичното дејство на сите овие состојки се засилува со стабилизираниот гел од алое вера.

**FAB X Forever Active Boost™ е без калории, шеќер и јаглехидрати**. Пијалокот ќе ве исполни со виталност, за да имате издржливост и концентрација да завршите сè што треба во тек на денот. Не само што брзо ќе добиете енергија кога ви е потребна, туку вашата енергија ќе трае во текот на презафатеното секојдневие.

## Алое ден во Велес 12.11.2013










## Алое ден во Битола 29.11.2013











## Алое ден во Прилеп 30.11.2013






FOREVER

# SUCCESS DAY

## 15.12.2013, Скопје

**Хотел „Holiday Inn“, почеток: 12 часот**

***Ве очекуваме!***

## ПОДАРОК ЗА БОЖИЌ И ЗА СКИЈАЧКАТА СЕЗОНА




**НОВО!!!НОВО!!!НОВО!!!**

### ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**

Едноставно јавете се на телефон 02/ 2465846 и кажете го вашиот дистрибутерски број и производите кои ги порачувате. Следниот ден ја добивате порачката на домашна адреса. Порачката ја плаќате во готово на доставувачот.

Трошоци за достава се следни:

- До 5 кг плаќате 210 ден за услугата достава до вашиот дом.
- Над 5 кг плаќате 260 ден за услугата достава до вашиот дом.

### Квалификации за ноември 2013

**ТОП 10 - НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ**

1. Славица Донакова
2. Ленче Анаќиева
3. Др.Елизабета Стевковска Цветковска
4. Маја Кинева Стојановска
5. Слаѓана Маџова
6. Др.Роза Гелевска
7. Николина Ѓорѓиева
8. Валентина Крмова
9. Вера Златковска
10. Жарко Георгиевски

**ТОП 10 - Вкупен обем**

1. Славица Донакова
2. Ленче Анаќиева
3. Катерина Трајчевска
4. Др.Елизабета Стевковска Цветковска
5. Блага Крстеска
6. Др.Роза Гелевска
7. Слафко Михајловски
8. Маја Кинева Стојановска
9. Слаѓана Маџова
10. Николина Ѓорѓиева


**FOREVER LIVING PRODUCTS - MAKEDONIJA**

**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; e-mail:flp@t-home.mk



Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.


## Квалификации за ноември 2013

### Сениор Менаџер

Славица и Ристо Донакови

### Менаџер

Ленче и Тошо Анаќиеви

### Асистент Менаџери

1. Ванчевски Радица и Игор – Куманово
2. Петрушевски Снежана и Сашо – Куманово
3. Стевковска Цветковска др.Елизабета и Цветковски Дејан-Куманово
4. Стевковска Вартман Лидија и Вартман Сашо - Куманово
5. Тимчевски Сузана и Драже – Куманово

### Супервизори

1. Димитриеви Кире и Благица – Кочани
2. Јосифови Борка и Лазо – Кочани
3. Кинева Стојановска Маја и Стојановски Далибор – Куманово
4. Петровиќ Бојана – Куманово
5. Поповиќ Александар – Гостивар
6. Солтирови Тони и Лила – Кочани
7. Стаменкови Македонка и Драги – Кочани
8. Шопови Костадинка и Венцо – Штип

### Асистент Супервизори

1. Асовиќ Радмила и Предраг-Нови Пазар, Србија
2. Алији Нурије и Ќани -Куманово
3. Арсова Галина -Виница
4. Величковски Габриела и Иван- Куманово
5. Вујовска Виолета- Скопје
6. Георгиевски Златко и Билјана- Делчево
7. Грозданова Ивана-Кочани
8. Денковска Мирјана-Куманово
9. Димитровски Ема и Славчо-Делчево
10. Илиевски Сашо- Гостивар
11. Коцева Маја- Свети Николе
12. Колишеви Димитри и Николина- Виница
13. Костови Вера и Сашко- Кочани
14. Манчеви Адријана и Марјанчо-Кочани
15. Масалкоски Бобан-Битола
16. Милковска Митка-Скопје
17. Митрев Русе-Штип
18. Младеновски Соња и Митко-Свети Николе
19. Николовска Гордана-Битола
20. Павичевиќ Андреа-Куманово
21. Петров Андреј-Кочани
22. Петрова Валентина-Виница
23. Попоски Весна и Драган-Скопје
24. Попоски Верица и Диме-Штип
25. Савески Зоран-Скопје
26. Секуловски Верица и Дејан-Штип
27. Серафимова Соња-Кочани
28. Станковиќ Јанковска Анета и Јанковски Љубиша-Куманово
29. Ставревска Ѓошевски Ивана-Куманово
30. Стоимановски Виолета и Славчо-Скопје
31. Стојанови Др.Наташа и Томе-Кочани
32. Стојановски Билјана и Оливер-Битола
33. Стојановска Сашка-Штип
34. Тасева Верица-Штип
35. Теговска Аница-Битола
36. Трифуноски Младен-Гостивар
37. Христови Драган и Емилија-Делчево
38. Цветкови Јагода и Андон-Скопје